Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 6**

**03.05.2016**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 31.03.2016 година I квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 31.03.2016 година I квартал донесен на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/1** **Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**456.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 и член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.04.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 31.03.2016 година I квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (комулативно) за квартал 01.01.2016 до 31.03.2016 година I квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 363/3** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката бр. 07-509/5 од 29.06.2012 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката бр. 07-509/5 од 29.06.2012 година донесена на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/2** **Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**457.** Врз основа на член 22 став 1 и 2 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр. 95/2012) , како и во согласност со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник“ на РМ бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар донесе

**О Д Л У К А**
**За измени и дополнување на Одлуката бр.07-509/5 од 29.06.2012**

Член 1

Членот 1 се брише и се додава нов член кој ќе гласи:

Се утврдува цена за комуналната услуга-собирање на куќен и дворен смет за населените места с.Кутретино, с.Суводол, с.Слепче и тоа за куќен смет за домаќинства по единечна мера м$^2$ 1,50 денари, куќен смет за правни лица по единечна мера м$^2$ 3,50 денари, дворен смет за домаќинства по единечна цена м$^2$ 0,25 денари и дворен смет за правни лица по единечна цена м$^2$ 0,90 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар, а ќе се применува од моментот на склучувањето на договорите со корисниците на дадената услуга.

**Бр. 17-363/4 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на места за лепење на плакати и друг пропаганден материјал за изборните активности 2016 година без надомест**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на места за лепење на плакати и друг пропаганден материјал за изборните активности 2016 година без надомест донесена на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/3 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**458.**Врз основа на член 78 став 1 и 2 од Изборниот законик („Службен весник на РМ бр. 54/11), како и во согласност со член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на места за лепење на плакати и друг пропаганден материјал за изборните активности 2016 година без надомест**

**Член 1**

Како места за истакнување на рекламен и друг пропаганден материјал без надомест се определува: просторот околу пазариштето, паркинг-просторот до Ходелот „МЛАДОСТ“, по должина на тротоарот на ул. „Битолска“ и тоа од потегот од Бензинската станица „Макпетрол“ до почетокот на паркинг-просторот на зградата на општина Демир Хисар и од пристапниот пат на старата зграда на „Психијатриската Болница“ до локалниот пат за с.Слепче и на паркинг-просторот по должина на ул.„Први Мај“.

**Член 2**

Како место за поставување на рекламни паноа за бесплатно презентирање на учесниците во изборната кампања се определува местото по должината на улицата „Битолска“ (помеѓу Полициската станица и старата Стоковна Куќа).

**Член 3**

Во населените места Сопотница, рекламни паноа се поставуваат долж регионалниот пат Битола-Кичево (пред Рудничкиот ресторант), а во останатите населени места на секоја јавна површина.

**Член 4**

Забрането е уништување на залепени плакати, прелепување една врз друга и лепење на

плакати на приватни објекти без дозвола на сопственикот, односно корисникот на објектот. Исто така, истакнувањето на рекламен и пропаганден материјал на јавни објекти е забрането со закон.

**Член 5**

По завршувањето на изборниот процес, секој од претставниците на подносителите на листи е должен да го отстрани рекламниот и друг пропаганден материјал од местото кое е утврдено со оваа објава.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-363/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа „Прибилци" на река Церна река**

1.Ја објавувам Одлуката за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа „Прибилци" на река Црна река донесена на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/4 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**459.** Врз основа на член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ("Службен весник на Република Македонија" број 6 од 13.01.2012), како и во согласност со член 43 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05,7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на ден 28.04.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**За започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа "Прибилци" на река Црна Река**

***термини и кратенки,***

**МХЕЦ** Мала хидроелектрична централа
**ЈПП** Јавно приватно партнерство
**О Д.Хисар** Општина Демир Хисар
**"Сл. весник на Р.М."** "Службен весник на Република Македонија"

**Член 1**

На брегот на река Црна река во КО Прибилци постои адекватна локација за изградба на МХЕЦ "ПРИБИЛЦИ". Со реализацијата на потфатот не се нарушува нормалниот тек на река Црна река. За изградба на МХЕЦ "ПРИБИЛЦИ" " , приватниот партнер ќе треба да изгради канал, мини брана и рибина стаза.

**Член 2**

Предмет на договорот за ЈПП е реализација на потфат, изградба на МХЕЦ "ПРИБИЛЦИ", на река Црна река

**Член 3**

Општина Демир Хисар не е во состојба да го финансира овој проект. Во колку со евентуален понудувач се склучи договор за реализација на проектот по модел на ЈПП, ЈП нема да има никакви инвестициски трошоци ниту трошоци на работење на МХЕЦ по нејзиното пуштање во работа, но ќе добива дел од приходот остварен со реализација на произведената електрична енергија.

**Член 4**

Целите се следниве:

- да се искористи капацитетот на реката,
- ЈП да остварува одреден приход,
- да се подобри енергетската избалансираниост на електричната мрежа во овој крај,
- да се даде допринос во производството на енергија од обновлив извор,
- да се намали, иако скромно, зависноста на Р. Македонија од увоз на електрична енергија,

**Член 5**

Предмет на постапката е и давање на долгогодишно користење на земјиште на приватен партнер од страна на за да може да изгради МХЕЦ “ПРИБИЛЦИ “.

**Член 6**

Јавниот повик за избор на приватен партнер ќе се спроведе со отворена постапка на која ќе се избере најповолен понудувач согласно критериумите од оваа одлука.

**Член 7**

Општина Демир Хисар согласно Закон ќе донесе заклучок за донесување одлука за спроведување на постапка. По што, комисијата за спроведување на постапка ќе објави јавен повик кој ќе трае најмалку 30 дена од денот на објавување во “Сл. весник на Р.М.“ согласно член 30 од Законот за концесии и ЈПП.

**Член 8**

Условите за реализација на потфатот ќе бидат прецизно наведни во Јавниот повик и договорот за ЈПП, а основни услови се:

- рок за изградба на МХЕЦ “ПРИБИЛЦИ “, е 3 години од денот на склучување на договорот за ЈПП,
- Времетраење на договорот е 35 години од денот на склучување на договорот за ЈПП,
- вкупните инвестициски трошоци за реализација на проектот се обврска на приватниот партнер,
- одржувањето, раководењето и управувањето на МХЕЦ “ПРИБИЛЦИ “, се обврска на приватниот партнер,
- новоизградените објекти и опремата на хидроцентралата се во сопственост на приватниот партнер,
- обврска на приватниот партнер е да овозможи нормално функционирање на водотекот и биолошкиот минимум на Црна река на просторот на и околу МХЕЦ “ПРИБИЛЦИ “

**Член 9**

Јавното претпријатие на заинтересираните кандидати на јавниот повик ќе им издаде тендерската документација заедно со фисибилити студија за што кандидатите ќе треба да уплатат на сметката Општина Демир Хисар од 10.000,оо ден.

**Член 10**

Изборот на приватен партнер ќе се обави преку избор на најповолна понуда од понудувачите кои ќе се класифицираат како успешни понудувачи, односно кои ги исполнуваат критериумите на јавниот повик. Основени критериуми за избор ќе бидат понудениот највисок процент од приходот на приватниот партнер остварен со продажба на електричната енергија произведена во МХЕЦ “ПРИБИЛЦИ “, во корист на јавното партнер.

**Член 11**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Сл. гласник на Општината Д.Хисар“

**Бр. 17-363/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на**

**Урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2016 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2016 година донесена на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/5** **Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**460.** Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 199/2014, член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.04.2016 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2016год.***

**Член 1**

Во членот 1, по глава глава V, се додава нова глава VI, која се однесува на изработка на Урбанистичко-проектна документација, која согласно Законот се внесува во Годишната програма на општината за урбанистичко планирање. Под урбанистичко-проектна документација се подразбира Архитектонско урбанистички проект и Проект за инфраструктура.

1. Изработка на АУП за формирање на градежна парцела за КП бр. 916, КО Смилево, за кое е донесен Општ акт, на барање од Мирослав Тодоровски, ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 22/55, Скопје;
2. Изработка на АУП со намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа на КП бр. 1, формирана од КП бр. 4934; КП бр. 4935; дел од 4936 и 4937, КО Сопотница, за кое е донесен општ акт, поднесен од страна на „Планерис“ Куманово;
3. Изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за 10(20) кв приклучен вод за МХЕЦ 257, Големо Илино, подесено од страна на БНБ Скопје;
4. Одлука за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Обедник-с.Смилево-Манастир св. Петар.

Во глава IV, по точка 23 се додава нова точка 24 која гласи:

24. Изработка на ЛУПД со намена становање заради вклопување на бесправно изграден објект на КП бр. 1996, КО прибилци, согласно член 8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот, а по барање на Трајко Ралевски од Демир Хисар.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2016год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен весник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-363/7** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за изработка на ЛУПД заради вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.1996, КО Прибилци, согласно чл.8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, а по барање од Трајко Ралевски од Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за изработка на ЛУПД заради вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.1996, КО Прибилци, согласно чл.8

од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, а по барање од Трајко Ралевски од Демир Хисар донесена на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/6 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**461.** Врз основа на член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 199/2014, член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.04.2016 год. донесе

**ОДЛУКА**

*За изработка на ЛУПД со намена становање за вклопување на бесправно изграден објект*

**Член 1**

Да се изработи ЛУПД со намена домување, заради вклопување на бесправно изграден станбен објект, на КП бр. 1996, КО Прибилци, согласно член 8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот, а по барање на Трајко Ралевски од Демир Хисар. (Напомена: Видот на Урбанистичкиот план може да се измени во зависност од потребите на инвеститорот или од потребите на општината).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

**Бр. 17-363/8 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2015 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2015 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/7 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**462.** Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.04.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-363/9 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2015 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2015 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/8 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**463.** Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.04.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-363/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фонадации во 2015 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здуженија и фонадации во 2015 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/9 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**464.** Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.04.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-363/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2015 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2015 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/10 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**465.** Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.04.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствена заштита во 2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствена заштита во 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-363/12 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Програмски извештај за работа на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за 2015 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмски извештај за работа на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за 2015 година донесен на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/11 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**466.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 и член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.04.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Програмски извештај за работа на Домот на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Програмскиот извештај за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 363/13 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на План за работа на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за 2016 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на План за работа на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за 2016 година донесен на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/12 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**467.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 и член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.04.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на План за работа на Домот на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2016 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Планот за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17- 363/14 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за измени и дополнување на Решението за членови на Советот кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови**

1.Го објавувам Решението за измени и дополнување на Решението за членови на Совет кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови донесено на седница на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.04.2016 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-393/13 Општина Демир Хисар**
**03.05.2016 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**468.** Врз основа на член 43 став 1 точка 37 од Статутот на општина Демир Хисар /"Сл. гласник на општина Демир Хисар" бр.03/02,04/05, 07/09, 16/13 и 18/14 година/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.04.2016 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За измени и дополнување на Решението за членови на Советот кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови**

1. Решението за членови на Советот кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови на подрачјето на општина Демир Хисар се менува и тоа на местото од Јосиф Ристевски на кој му престана мандатот член на Совет се предлага новоизбраниот советник Саше Темелковски да учествува во постапката за склучување на бракови на подрачјето на општина Демир Хисар.

2. Решението влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Демир Хисар"

**Бр.17- 363/15 Совет на општина Демир Хисар**
**28.04.2016 година Претседател,**
**Демир Хисар Ѓоко Василески с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за извештајниот (комулативно) за период од 01.01.2016 до 31.03.2016--------------------------------1
**2.** Одлука за измени и дополнување на Одлуката бр.07-509/5 од 29.06.2012 година-------------------1-2
3. Одлука за утврдување на места за лепење на плакати и друг пропаганден материјал за изборните активности 2016 година без надомест2-3
4. Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа „Прибилци“ на река Црна река----------------------------------------------3-4
5. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за донесување на Урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2016год-----5
6. Одлука за изработка на ЛУПД заради вклопување на бесправно изграден објект на КП бр. 1996, КО Прибилци, согласно чл.8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, а по барање од Трајко Ралевски од Демир Хисар—6
7. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2015 година----------------------------6-7
8. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2015 година-------------------------------7
9. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2015 година---------------------------8
10. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за активностите на Општина демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2015 година----------------------------8
11. Заклучок за усвојување на Програмски извештај за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2015 година---------------------9
12. Заклучок за усвојување на План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2016 година----------------------------------------------9
13. Решение за измени и дополнување на Решението бр.07-221/7 од 29.03.2013 година----10

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**